РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ
УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Бр. 12-719/1
28.01.2015 год.
СКОПЈЕ

Согласно член 37 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/06, бр.86/08, бр.6/10 и бр.42/14), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Скопје, бул. ВМРО бр.3, тел: 02/ 3103400, факс: 02/ 3103401, е-маил: o.nedelkovski@avmu.mk, и Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги д-р Зоран Трајчевски како одговорно лице во Агенцијата за аудио и аудиовизулени медиумски услуги, како имател на информации, го подготви следниот

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## (од 1.01.2014 до 31.12.2014)

**1. Податоци за службеното/те лице/а задолжено/и за посредување на информации кај имателите на информации:** Огнен Неделковски, Раководител на Секретаријатот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, е-маил: o.nedelkovski@avmu.mk.

**2. Број на поднесени барања: 27 (дваесет и седум)**

1. Барање од Здружение на граѓани „Центар за Граѓански Комуникации“ – Скопје, бр.12-5187/1 од 27.12.2013 година, за доставување на Извештај за спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка на Горива за службените моторни возила на Советот за радиодифузија на Република Македонија и Тендерската документација бр.40/2013.
2. Барање од Коалиција Сексуални и здравствени права на маргинилизираните заедници – Скопје, бр.12-521/1 од 24.01.2014 година, за видео материјалот од 72 – та пленарна седница на Собранието на Република Макеоднија од 23 и 24.09.2013 година, на која се расправаше по Предлогот за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија, поднесен од група пратенци на Собранието на Република Македонија.
3. Барање од Министерство за образование и наука, бр.12-717/1 од 05.02.2014 година, во кое до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го препраќа Барањето од Младински образовен форум, за доставување на програмски препораки за следење на коректното користење на младите во рекламирањето, листата на медиумите до кои се испратени (од донесување на НСМ до денот на нивното доставено Барање) и листата на медиуми кои ги применуваат.
4. Барање од Здружение на граѓани Центар за развој на медиуми - Скопје, бр.12-898/1 од 10.02.2014 година, за информација за Концепт за мониторинг на Избори 2014, усвоен на 4-та седница на АААВМУ, одржана на 28.01.2014 и Измена и дополнување на Методологијата за мониторинг на изборното медиумско преставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси, усвоен на 7-та седница на АААВМУ, одржана на 07.02.2014.
5. Барање од Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска – Скопје, бр.12-1003/1 од 18.02.2014 година, за информација дали се донесени измени и дополнувања на актот за систематизација на работните места во Агенцијата, со кој надлежностите и задачите на координаторот и заменик – координаторот за еднакви можности на жените и мажите се утврдени согласно

член 11 став 7 од Законот за еднакви можности на мажите и жените („Службен весник на Република Македонија", бр.6 од 13.01.2012) и да се достави копија од истиот акт.

6. Барање од Здружение на граѓани "Х.Е.Р.А.„ Асоцијација за здравствена едукација и истражување - Скопје и Коалицијата Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници – Скопје, бр.12-1263/1 04.03.2014 година, за информација во врска која е постапката за кампања да добие статус на кампања од јавен интерес и бесплатно да се емитува на Македонската радио телевизија, дали кампањата прво треба да се емитува на програмите на радиодифузерите пред да добие статус на кампања од јавен интерес, колку време трае постапката за добивање потврда за кампања од јавен интерес, при одлучувањето дали една кампања е од јавен интерес или не, кои критериуми ги користи Советот и доколку постои, да се посочи на документот со кој се утврдува оваа постапка.

7. Барање од Фондација Отворено Општество – Македонија, бр.12-2389/1 од 22.04.2014 година, во врска со тоа дали во рамките на Агенцијата е формирана посебна организациона единица за постапување по претставки на граѓани.

8. Барање од Фондација Отворено Општество – Македонија, бр.12-2390/1 од 22.04.2014 година, во кое бараат информација дали вработените во посебната организациона единица за постапување по претставки на граѓани во рамките на Агенцијата извршуваат и други работни задачи во согласност со актот за систематизација.

9. Барање од Фондација Отворено Општество – Македонија, бр.12-2391/1 од 22.04.2014 година, во кое бараат информација, дали вработените во посебната организациона единица за постапување по претставки на граѓани во рамките на Агенцијата, претходно имале работно искуство во областа на медиумските услуги.

10. Барање од Фондација Отворено Општество – Македонија, бр.12-2392/1 од 22.04.2014 година, во кое бараат информација, дали вработените во посебната организациона единица за постапување по претставки на граѓани во рамките на Агенцијата имаат континуирана обука во областа на медиумските услуги и во каква форма.

11. Барање од Фондација Отворено Општество – Македонија, бр.12-2393/1 од 22.04.2014 година, во врска со тоа колку од поднесените претставки се поведени инспекциски и/или прекршочни постапки и како истите завршиле во текот на една година и тоа за 2011, 2012 и 2013 година.

12. Барање од Фондација Отворено Општество – Македонија, бр.12-2394/1 од 22.04.2014 година, за доставување на информација за тоа на кој начин граѓаните може да поднесат претставки до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

13. Барање од Фондација Отворено Општество – Македонија, бр.12-2395/1 од 22.04.2014 година, во врска со тоа дали има пропишан образец на кој граѓаните може да поднесат претставка и на кој начин истиот е достапен за граѓаните.

14. Барање од Фондација Отворено Општество – Македонија, бр.12-2396/1 од 22.04.2014 година, за информација дали е донесен подзаконски акт (правилник, упатство или друг акт) со кој се пропишува начинот на постапување со примените претставки од граѓаните и на кој начин е достапен до граѓаните.

15. Барање од Фондација Отворено Општество – Македонија, бр.12-2397/1 од 22.04.2014 година, за да ги известиме во кој рок просечно се известува подносителот за крајниот исход од поднесената претставка.

16. Барање од Фондација Отворено Општество – Македонија, бр.12-2398/1 од 22.04.2014 година, за да одговориме дали се известува подносителот за крајниот исход од поднесената претставка и на кој начин.

17. Барање од Фондација Отворено Општество – Македонија, бр.12-2399/1 од 22.04.2014 година, со кое бараат информација за тоа кои се најчестите утврдени повреди сторени од правните лица во областа на медиумските услуги како резултат од поднесените претставки од страна на граѓаните.

18. Барање од Фондација Отворено Општество – Македонија,бр.12-2400/1 од 22.04.2014 година, со кое бараат да ги известиме дали се вршат анализи и се изработуваат извештаи во однос на поднесените претставки од страна на граѓаните и кои мерки се преземени за констатираната состојба во областа на медиумските услуги.

19. Барање од Фондација Отворено Општество – Македонија,бр.12-2401/1 од 22.04.2014 година, за информација во врска со тоа колку дена во просек траело постапувањето по поднесените претставки од страна на граѓаните во текот на една година и тоа за 2011, 2012 и 2013 година

20. Барање од Фондација Отворено Општество – Македонија,бр.12-2402/1 од 22.04.2014 година, во врска со информацијата за тоа какви мерки биле превземени во однос на поднесените претставки од страна на граѓаните во текот на една година и тоа за 2011, 2012 и 2013 година

21. Барање од Фондација Отворено Општество – Македонија,бр.12-2403/1 од 22.04.2014 година, во однос на тоа колку претставки од граѓани биле поднесени до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во текот на една година и тоа за 2011, 2012 и 2013 година.

22. Барање од Фондација Отворено Општество – Македонија,бр.12-2404/1 од 22.04.2014 година, за тоа колку претставки се решени позитивно а колку негативно за граѓанинот во текот на една година и тоа за 2011, 2012 и 2013 година.

23. Барање од Центар за медиумска активност, бр.12-3243/1 од 16.06.2014 година, во врска со информации за издадени дозволи, опомени и одземени дозволи за вршење на радиодифузна дејност, за периодот од 2001-ва заклучно со 2003-та година

24. Барање од Јовица Пауноски, бр.12-4132/1 од 11.08.2014 година, за информација за тоа колку изнесува годишно лиценцата за отворање на радио во општината Демир Хисар и што друго е потребно освен лиценцата и дали опремата за пренос на сигналот ја инсталира радиото или Агенцијата.

25. Барање од Сабина Факиќ, Здружение на граѓани „Центар за граѓански комуникации" ЦГК, бр.12-5232/1 од 29.10.2014 година, за доставување на фотокопии за јавната набавка за Печатарски услуги бр.26/2014.

26. Барање, за пристап до информации од јавен карактер (наш бр.12-5361/1 од 03.11.2014 година) од Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, за начинот и методологијата за справување и отстранување на објавените медиумски содржини регулирани во член 4 од Законот за медиумите и тоа: содржини со кои се загрозува националната безбедност, содржини со кои се поттикнува насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, содржини со кои се поттикнува воена агресија или вооружен конфликт и содржини со кои се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, пол, религија или националност и

27. Барање, за пристап до информации од јавен карактер (наш бр.12-6395/1 од 19.12.2014 година), од Панче Ефтимов, за доставување на фотокопија од Регистриран програмски пакет за операторот ДПТУ ИП СИСТЕМС ДООЕЛ увоз-извоз Куманово, за периодот од цела 2012 година и 2013 година.

**3. Број на позитивно одговорени барања: 27 (дваесет и седум)**

1. Одговор до Здружение на граѓани „Центар за Граѓански Комуникации" – Скопје, бр.12-503/1 од 23.01.2014 година, во кој се доставени во прилог Извештајот од спроведена постапка, бр.02-4079/6 од 30.10.2013 година, за доделување на договор за јавна набавка на Горива за службените моторни возила на Советот за радиодифузија на Република Македонија и Тендерската документација, бр.02-4131/1 од 18.10.2013 година, по Оглас бр.40/2013.

2. Одговор до Здружение на граѓани „Центар за граѓански комуникации" – Скопје, бр.12-521/3 од 30.01.2014 година, со кое се известени дека нивниот допис со бр.12-521/1 од 24.01.2014 година, Агенцијата за аудио и аудиовизулени медиумски услуги, со допис бр.12-521/2 од 30.01.2014 година, го препрати до Собранието на Република Македонија – Собраниски канал, на натамошно постапување.

3. Одговор до Младински образовен форум – Скопје, со кој Агенцијата ги известува дека на нивните Барања, Советот за радиодифузија на Република Македонија, како правен претходник на Агенцијата за аудио и аудиовизулени медиумски, веќе им има одговорено со два дописи, бр.12-4633/2 од 18.12.2013 година и бр.12-4634/2 од 18.12.2013 година.

4. Одговор до Здружение на граѓани Центар за развој на медиуми - Скопје, бр.12-898/2 од 05.03.2014 година, со кој се известени дека „Концептот за мониторинг на Избори 2014, усвоен на 4-та седница на АААВМУ, одржана на 28.01.2014 и Измена и дополнување на Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси, усвоен на 7-та седница на АААВМУ, одржана на 07.02.2014 година", се објавени на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги: www.avmu.mk.

5. Одговор до Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска – Скопје, бр.12-1003/2 од 28.02.2014 година, со кој се известуваат дека Агенцијата нема донесено измени и дополнувања на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места и задачите на стручната служба на Агенцијата, во смисла на член 11 став 7 од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија", бр.6/12), и се информираат дека на барање на Министерството за труд и социјална политика за назначување претставник/чка за еднакви можности на жените и мажите, доставено во 2009 година, Советот за радиодифузија истата година достави Известување, дека лицето Шќипе Тахири – Виш соработник во Секторот за програмски работи е претставник на Советот во активностите на одделението (во рамките на министерството) за родова рамноправност.

6. Одговор до Здружение на граѓани "Х.Е.Р.А.„ Асоцијација за здравствена едукација и истражување - Скопје и Коалицијата Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници – Скопје, бр.12-1263/2 од 31.03.2014 година, со кој се известуваат дека согласно членот 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) ("Службен весник на Република Македонија„ бр.184/13, 13/14 и 44/14), во кој се дефинирани надлежностите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова регулаторно тело нема законска основа да ги разгледува програмските содржини наменети за радио или телевизиско емитување и за истите да дава какви било сугестии или мислења, пред да бидат емитувани на програмите на радиодифузерите. Кога емитуваат соопштенија од јавен интерес и апели за добротворни цели, согласно членовите 100 и 103 од ЗААВМУ, радиодифузерите треба тоа да го направат бесплатно, да ги означат како „бесплатно емитување" при што тие не им се сметаат во дозволеното

време за емитување рекламирање на реален час. Со оглед на ова, досега се случувало доколку имаат дилеми да се обратат до Агенцијата, за да бидат сигурни дека одреден спот навистина може да се смета за кампања од јавен интерес. Бидејќи карактеристиките и постапката за определување „кампањи од јавен интерес“ не е законски определена, Советот за радиодифузија во 2006 побара од тогашниот Постојан комитет на Советот на Европа за Европската конвенција за прекугранична телевизија да се утврди опсегот на овој поим. Во Мислењето бр.11 (2006) за значењето на поимот *Најави за кампањи од јавен интерес,* усвоено од Постојаниот комитет на Европската конвенција за прекугранична телевизија, е дефинирано дека под најави за кампањи од јавен интерес се подразбираат најавите кои остваруваат исклучиво општествена корист или имаат алтруистичка цел, без оглед дали телото кое побарало таква најава е јавно или приватно. Идентитетот на телото, предметот на најавата и нејзината содржина, се релевантни показатели за тоа дали се работи за кампања од јавен интерес, а според став 104 од Објаснувачкиот извештај на ревидираната Конвенција како примери за најави за кампањи од јавен интерес се посочени оние кои се однесуваат на безбедноста на патиштата, граѓанските должности или здравствени кампањи. Во согласност со Уставот на Република Македонија (член 16 - гарантирана слобода на изразување), изјаснувањето на Агенцијата во врска со програмски содржини пред тие да бидат емитувани на медиумите, би можело да се протолкува како спротивно на промовирањето на слободата на изразување - која е една од целите на ЗААВМУ (член 2) и на независноста на радиодифузерите во креирањето на нивната уредувачка политика - кое е едно од начелата што треба да се почитуваат при вршењето на дејноста (член 61).

7. Одговор до Фондација Отворено Општество – Македонија, бр.12-2389/2 од 19.05.2014 година, со кој се известени дека во рамките на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги нема формирана посебна организациона единица за постапување по претставки на граѓани. Меѓутоа, Советот за радиодифузија на Република Македонија, сега Агенција, на својата 6-та седница одржана на 20.02.2009 година, донесе Заклучок бр. 02-691/6 од 23.06.2009 година, со кој го измени и дополни Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места и задачите на Стручната служба, во насока на имплементирање на Законот за постапување по преставките и предлозите ("Службен весник на Република Македонија", бр.82/08), со што работната задача - постапување по преставките и предлозите како и вршењето други работни задачи во функција на имплементација на Законот за постапување по преставките и предлозите, се додаде кон делокругот на Секторот за правни работи. Во таа насока, со истиот Заклучок, Советот за радиодифузија на Република Македонија го определи лицето Симе Златески, Соработник во Секторот за правни работи да постапува по преставките и предлозите, да води евиденција за податоците што се однесуваат на постапувањето по преставките и предлозите и да ги извршува сите други задачи во функција на имплементација на Законот за постапување по преставките и предлозите ("Службен весник на Република Македонија", бр. 82/08).

8. Одговор до Фондација Отворено Општество – Македонија, бр.12-2390/2 од 19.05.2014 година, со кој ги известуваме дека Лицето кое што е определено да постапува по претставките и предлозите, Симе Златески, извршува и други работни задачи од делокругот на работа на Секторот за правни работи, во чиј делокруг е постапувањето по претставки и предлози.

9. Одговор до Фондација Отворено Општество – Македонија, бр.12-2391/2 од 19.05.2014 година, со кој се известуваат дека Соработникот во Секторот за правни работи како определено лице да постапува по преставките и предлозите,

вработен е од 01.03.2006 година, во Секторот за правни работи во Советот за радиодифузија на Република Македонија, сега Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Тоа значи дека наведеното лице имало повеќе од три години работно искуство, до неговото определување да постапува по претставките и предлозите.

10. Одговор до Фондација Отворено Општество – Македонија, бр.12-2392/2 од 19.05.2014 година, со кој се информираат дека вработени од Стручната служба на Советот имаат присуствувано на предавања и обуки организирани од страна на Државен управен инспекторат, за архивското работење, меѓудругите и за имплементирање на Законот за постапување по преставките и предлозите ("Службен весник на РМ", бр.82/08). Имајќи ја предвид надлежноста на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а со тоа и делокругот на работа на Секторот за правни работи во Агенцијата, континуирана обука од областа на медиумските услуги не е организирана;

11. Одговор до Фондација Отворено Општество – Македонија, бр.12-2393/2 од 19.05.2014 година, дека во текот на 2011 година, 2012 година и 2013 година, по доставени претставки не се поведени прекршочни постапки. За прекршувања констатирани од страна на Советот за радиодифузија на Република Македонија сега Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, има поднесено барања за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд. Пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд во Советот се спроведуваше постапка за порамнување согласно Законот за прекршоците. За одредени претставки кои се однесуваа на реемитување на програмски сервиси од страна на операторите на јавна комуникациска мрежа - кабелски оператори (без регулирани авторски и сродни права, односно емитување програмски сервиси кои не беа регистрирани во нивниот пакетот програмски сервиси), во текот на 2011 година, 2012 година и 2013 година Советот за радиодифузија постапуваше заедно со другите надлежни органи во рамките на Координативното тело за интелектуална сопственост, при Влада на Република Македонија.

12. Одговор до Фондација Отворено Општество – Македонија, бр.12-2394/2 од 19.05.2014 година, со кој ги известуваме дека претставките односно предлозите се поднесуваат во писмена форма во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (непосредно во органот или по пошта), во електронска форма преку е - mail или усно на записник, поединечно или групно, согласно Законот за постапување по претставките и предлозите ("Службен весник на Република Македонија", бр.82/08, 13/13) и Правилникот за начинот на постапување по претставките и предлозите ("Службен весник на Република Македонија", бр.2/09).

13. Одговор до Фондација Отворено Општество – Македонија, бр.12-2395/2 од 19.05.2014 година, дека на веб страната на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во делот обрасци/ општи обрасци/ обрасци на претставки, објавени се и достапни се 4 (четири) видови обрасци и тоа за: Претставка за програмите на радио и на ТВ станиците во Република Македонија, Претставка за програмските пакети на операторите на јавни комуникациски мрежи, Претставка за прашања во врска со одредби од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Претставка за квалитетот на сигналот на радио и телевизиските сервиси. Меѓутоа, подносителите најчесто претставките ги испраќаат по e-mail, кои се евидентират во Уписникот на Агенцијата, и по истите се постапува како предмети по претставки и предлози иако не се поднесени на објавените обрасци.

14. Одговор до Фондација Отворено Општество – Македонија, бр.12-2396/2 од 19.05.2014 година, дека во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, не е донесен подзаконски акт со кој се уредува постапувањето на Агенцијата во однос на доставените претставки и предлози, од причина што Агенцијата постапува согласно Законот за постапување по претставките и предлозите ("Службен весник на Република Македонија", бр.82/08, 13/13), и врз основа на тој закон, донесените правилници од надлежното ресорно министерство, и тоа: Правилникот за начинот на постапување по претставките и предлозите ("Службен весник на Република Македонија", бр.2/09), и Правилникот за содржината, начинот и формата на водење евиденција на податоците што се однесуваат на постапувањето по претставките и предлозите како и содржината на извештаите, ("Службен весник на Република Македонија", бр.2/09);

15. Одговор до Фондација Отворено Општество – Македонија, бр.12-2397/2 од 19.05.2014 година, со кој ги информираме дека од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, подносителите на претставките, најчесто се известуваат во рок од 15 дена, кој е предвиден како прв рок за постапување во Законот за постапување по преставките и предлозите, а за посложените претставки се применува и законски утврдениот рок од 30 дена.

16. Одговор до Фондација Отворено Општество – Македонија, бр.12-2398/2 од 19.05.2014 година, дека подносителите на претставките со писмен допис се известуваат за преземените активности во однос на поднесените претставки. Доколку поднесената претставка не се однесува на работи од надлежност на Агенцијата, истата се доставува до соодветната надлежна институција за што истовремено се известува и подносителот на претставката.

17. Одговор до Фондација Отворено Општество – Македонија, бр.12-2399/2 од 19.05.2014 година, дека според поднесените претставки од граѓаните може да се каже дека како честа повреда во изминатите години се јавуваат оние кои однесуваат на примена на одредбите за категоризацијата и означување на програмата на радидифузерите заради заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој. Исто така, за одбележување е и бројот на прашања и обраќања на граѓаните кои се однесуваа на процесот на дигитализација на радиодифузниот сигнал во Република Македонија, во периодот пред започнувањето на дигитализација на радиодифузниот сигнал во Република Македонија (01.06.2013 година), како и барања за ослободување од плаќање радиодифузна такса во населени места кои не се покриени со радиодифузните сигнали на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија, преку кои се емитуваат програмските сервиси на Македонската радио-телевизија.

18. Одговор до Фондација Отворено Општество – Македонија, бр.12-2400/2 од 19.05.2014 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги до Министерство за информатичко општество и администрација на Република Македонија (претходно до Министерството за правда) - Државен управен инспекторат, доставува Извештаи на секои шест месеци за податоците што се однесуваат на постапувањето по претставките и предлозите, на пропишан Образец ИПП, објавен во "Службен весник на Република Македонија", бр.2/09, согласно член 19 став 2 од Законот за постапување по претставките и предлозите ("Службен весник на Република Македонија", бр.82/08, 13/13), и член 6 и член 8 од Правилникот за содржината, начинот и формата на водење евиденција на податоците што се однесуваат на постапувањето по претставките и предлозите како и содржината на извештаите. Во согласност со член 6, став 1, алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата за аудио и

аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите. За поднесена претставка која се однесува на работењето на радиодифузерите, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги и операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се спроведува мониторинг - програмски надзор, се подготвува извештај од програмскиот надзор на програмата од спроведениот мониторинг, се разгледува на седница на Агенцијата и за констатирани повреди се постапува согласно законот, со преземање на соодветна мерка.

19. Одговор до Фондација Отворено Општество – Македонија, бр.12-2401/2 од 19.05.2014 година, дека во текот на 2011, 2012 и 2013 година, постапувањето по секоја поднесена претставка во просек траело по 10 (десет) дена, односно подносителите на претставките се известувале во рок кој е пократок од рокот од 15 дена, предвиден во Законот за постапување по претставките и предлозите.

20. Одговор до Фондација Отворено Општество – Македонија, бр.12-2402/2 од 19.05.2014 година, дека во текот на 2011, 2012 и 2013 година во однос на доставените претставки, кон радиодифузерите упатени се: известувања, укажувања и одлуки за изрекување мерки согласно Законот за радиодифузната дејност.

21. Одговор до Фондација Отворено Општество – Македонија, бр.12-2403/2 од 19.05.2014 година, дека во Уписникот за предметите по претставки и предлози (Образец УПП), на Советот за радиодифузија на Република Македонија, во: 2011 година, евидентирани се вкупно 177 претставки и предлози, во 2012 година, евидентирани се вкупно 194 претставки и предлози, и во 2013 година, евидентирани се вкупно 219 претставки и предлози, односно вкупно 590 претставки и предлози. Во 2014 година, во Уписникот за предметите по претставки и предлози (Образец УПП), на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, заклучно со 30-ти април, евидентирани се вкупно 116 претставки и предлози.

22. Одговор до Фондација Отворено Општество – Македонија, бр.12-2404/2 од 19.05.2014 година, дека во текот на 2011, 2012, 2013 година, од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, постапено е по сите претставки согласно Законот за постапување по претставките и предлозите ("Службен весник на Република Македонија", бр.82/08, 13/13), односно доставен е одговор или известување, а дел од претставките се препратени до содветен надлежен орган. Исто така, и анонимните претставки се разгледувани со својот предмет.

23. Одговор до Центар за медиумска активност, бр. 12-3243/2 од 03.07.2014 година, дека во прилог им се доставува Извадок од Извештајот за работа на Советот за радиодифузија за периодот 1 јули 2000 до 30 јуни 2001 година, објавен во Билтен бр.10/2001 (Прилог бр.1) и тоа делот кој се однесува за: Почитување на правилата за рекламирањето стр.16-17; Реемитување странски програми стр.17 - 18; Известувањето за политичко – безбедносната криза во земјата стр.19 – 20; Концесии за дистрибуција на радио и телевизиски програми преку кабел стр.23; Почитување на авторските и сродните права стр.25; Надзор врз рекламирањето стр.25; Прилог бр.3 - Преглед на преземените мерки поради непочитување на правилата за рекламирање и спонзорство стр. 47, потоа Извадок од Извештајот за работата на Советот за радиодифузија за периодот од 1 јули 2001 – 31 декември 2002 година, објавен во Билтен бр.14/2003 (Прилог бр.2) и тоа делот кој се

однесува за: Концесии за вршење радиодифузна дејност стр.16 – 18; Надзор врз спроведувањето на законот стр.26 – 28; Прилог бр.7 - Преглед на преземените мерки за непочитување на одредбите од Законот за радиодифузната дејност во поглед на програмите стр.52; Прилог бр.9 – Преглед на трговски радиодифузни друштва – емитувачи на кои им е одземена концесијата поради неплаќање на надоместокот стр.54 и Извадок од Извештајот за работата на Советот за радиодифузија за периодот од 1 јануари 2003 до 30 ноември 2004 година, објавен во Билтен бр.18/2005 (Прилог бр.3) и тоа делот кој се однесува за: Субјекти во радиодифузната дејност стр.14 – 17; Надзор врз спроведувањето на законот стр.38 – 40. По однос на *„организационата структура на Агенцијата"*, ги известивме дека на ден 03.01.2014 година, стапи во сила Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно кој Советот за радиодифузија на РМ се преименува во Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во смисла на наведеното, согласно член 152 став 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14 и 44/14), во рок од шест месеци од денот на донесувањето на одлуката за избор на директор на Агенцијата, Агенцијата ќе ги донесе актите кои произлегуваат од овој закон, меѓу кои спаѓа и Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работите и задачите на стручната служба на Агенцијата, а до денот на влегувањето во сила на актите, ќе се применуваат актите што важеле до денот на влегувањето во сила на овој закон.

24. Одговор до Јовица Пауноски, бр.12-4132/2 од 10.09.2014 година, дека годишниот надоместок се пресметува согласно формулата во член 80 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Елементи на формулата за надоместокот за радио се: Н - бројот на вкупното население во подрачјето предвидено со дозволата, БДП - бруто домашен производ по жител, изразено во евра, а претставено како бодови, според последните податоци од Државниот завод за статистика, Рт - коефициент за радио програма кој изнесува ¼ и Кп - коефициент чија висина се одредува во зависност од форматот на радиодифузниот сервис. Според форматот, радио програмите можат да бидат: говорно радио со над 25% говорни содржини, говорно-музичко радио над 10% до 25% говорни содржини, музичко - говорно радио над 5% до 10% говорни содржини и музичко радио до 5% говорни содржини. Со Правилникот за форматите на радио и телевизиските програмски сервиси, кој можете да го најдете на веб страната на Агенцијата, www.avmu.mk, подетално се дефинираат форматите на радио и на телевизиските програмски сервиси и се определуваат вредностите на коефициентот Кп, кои изнесуваат од 0,75 до 1 и од 1,15 до 1,5 во зависност од форматите на радио и на телевизиските програмски сервиси. Најчесто застапени формати на радијата се музичко - говорно радио (Кп – 0,95) и музички радија (Кп – 1). Надоместокот пресметан за музичко радио од општ формат, за радио емитување на подрачјето на Општина Демир Хисар, според параметрите кои се објавени од Државниот завод за статистика би изнесувал 168,65 ЕУР, а за музичко - говорно радио од општ формат би изнесувал 166,12 ЕУР со пресметан ДДВ, во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на денот на фактурирањето. Во одговорот е наведено дека доколку се одлучат за друг формат, Агенцијата им стои на располагање за дополнителни информации. Во врска со емитување радио програмски сервис, потребна е лиценца односно дозвола за радио емитување,

доделена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со која имателот на дозволата стекнува право да го емитува радио програмскиот сервис во подрачјето за кое ја добил дозволата. Во однос на прашањето дали опремата за пренос на сигналот ја инсталира радиото или агенцијата, информираме дека целокупната опрема за емитување на радио програми ја обезбедува самиот радиодифузер.Техничката опрема се дели на студиска, односно опрема која служи за производство на самата содржина на радиото и е дел од студиото (пр. микрофони, миксети, итн), како и на преносна/предавателна опрема, односно предавател-и кои се поставуваат на одредени места за квалитетно покривање на областа за која е издадена дозволата, (во овој случај област од локално ниво). Агенцијата не врши инсталација на опремата за пренос на сигналот.

25. Одговор до Сабина Факиќ, Здружение на граѓани „Центар за граѓански комуникации" ЦГК, бр.12-5232/2 од 18.11.2014 година, за доставување на фотокопии за јавната набавка за Печатарски услуги бр.26/2014; со информирмација дека во прилог им ги доставуваме документите, наведени во нивниот допис: Извештај за спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка (прилог бр.1), Одлука за избор на најповолна понуда (прилог бр.2) и Извештај од спроведената е-аукција ( прилог бр.3). Со оглед на тоа дека немаше потреба, согласност од Советот за јавни набавки не беше побарана.

26. Одговор до Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, бр.12-5361/2 од 26.11.2014 година, ги известивме дека: во однос на член 4 од Законот за медиумите („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/2013 и 13/2014), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно член 27 од Законот за медиумите, врши исклучиво административен надзор над исполнување на обврските утврдени во членовите 6, 7, 12 и 13 од овој закон, согласно со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Согласно член 48 од ЗААВМУ, аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, не смеат да содржат програми со кои се загрозува националната безбедност, поттикнува насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, се повикува на воена агресија или на оружен конфликт, се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, пол, религија или националност. Во однос на методологијата за справување и отстранување на објавените медиумски содржини, Агенцијата во соработка со Советот на Европа организираше работилница посветена на одредувањето на „Тенката линија меѓу слободата на изразување и говорот на омраза", во рамките на проектот „Унапредување на слободата на изразување и информирање и на слободата на медиумите во Југоисточна Европа". Прашањето на „говорот на омраза", Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го има обработено и во Стратегијата за развој на радиодифузната дејност 2013 – 2017 година, каде потпирајќи се на повеќе спроведени истражувања во медиумската сфера, посочи дека медиумските професионалци во Македонија имаат нерасчистени прашања околу тоа како да известат за некоја чувствителна тема или настан, а притоа да ја избегнат опасноста од дискриминаторски говор или од говор на омраза. Активностите кои последните неколку месеци ги презема Агенцијата на ова поле се резултат токму

на мерките предвидени со акцискиот план на Стратегијата и се испланирани во овогодишната Програма за работа. Во текот на септември 2014 година, со домашна и странска експертска поддршка, обезбедена во рамките на Проектот ИПА 2009, беше изготвен „*Водич за мониторинг на „говорот на омразата*“ и се одржаа два настани – едниот беше обука за вработените во Агенцијата, а другиот беше работилница на која беа поканети медиумите. Во однос на вкупниот број објавени содржини опишани во член 4 од Законот за медиуми, какви мерки се превземени за нивно отстранување и како се санкционирани медиумите кои ги објавиле за периодот од 3 години и 10 месеци или 2011 – 2014 година, известивме согласно член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата досега нема превземено мерка. Поради прекршување на член 69 од Законот за радиодифузната дејност, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (поранешен Совет за радиодифузија на Република Македонија), на 02.12.2011 година, за емитување програма насочена кон поттикнување омраза и нетрпеливост, за емисијата „Миленко Неделковски шоу", емитувана во рамките на програмскиот сервис на ТРД ТВ Канал 5 Скопје, донесе одлука со која се изрече мерка: времена забрана за рекламирање и телешопинг од два дена. Против наведената одлука, ТРД ТВ Канал 5 Скопје поднесе тужба до Управниот суд на Република Македонија. Поведениот управен спор заврши во полза на ТРД ТВ Канал 5 Скопје, со што одлуката на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (поранешен Совет за радиодифузија на Република Македонија), за изрекување мерка беше поништена.

27. Одговор до Панче Ефтимов, бр.12-6395/2 од 31.12.2014 година, со известување дека во прилог му ја доставуваме Потврдата за регистриран програмски пакет бр.1 на програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа, на Друштво за производство, трговија и услуги ИП СИСТЕМС ДООЕЛ увоз-извоз Куманово.

**4. Број на одбиени барања со наведување на причините за секое одбиено барање: /**

**5. Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија и заклучоци) на имателите на информации, со опис на одлуката како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација: /**

**6. Број на усвоени жалби со одлука на Комисијата: /**

**7. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Комисијата: /**

**8. Број на одбиени жалби од Комисијата и причини за нивно одбивање: /**

**9. Број на отфрлени жалби од Комисијата и причини за нивно отфрлање: /**

**10. Број на случаи на молчење на Комисијата: /**

**11. Број на барања за поведување прекршочна постапка и поведени прекршочни постапки: /**

**12. Број и видови на изречени прекршочни санкции: /**

**13. Број на поведени управни спорови против конечната одлука на Комисијата: /**

**14. Број и список на донесени судски одлуки во кои тужбата на барателот во управниот спор е позитивно решена, како и и наведување на причините на кои се темели одлуката на надлежниот суд: /**

**НАПОМЕНА:** Таксативно набележаните обврски од член 37 значат и Ваша обврска на истите да одговорите прецизно, со податоци, коментари и карактеристики што произлегуваат од Вашата работа.

**Скопје, 27.01.2015**

Подготвил: м-р Ружица Б. Јотевска
Контролирал: Огнен Неделковски
Одобрил: д-р Андриана Скерлев – Чакар

Согласен: м-р Драгица Љубевска

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**